

## Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец септември 2022

Датум: 12.10.2022
Сектор Инвестиции

Арх. бр. 09-2167
12.10.2022

SAVA PENZISKO

## Содржина

1. Македонски Телеком АД Скопје ........................................................................................................ 3

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартии од вредност.**

Во текот на месец септември 2022 година се одржа акционерско собрание на **Телеком АД Скопје**, компанија во која задолжителниот и доброволниот пензиски фонд поседуваат акции и согласно Правилникот Друштвото има обврска за присуство и известување.

# 1. Македонски Телеком АД Скопје

## 1.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус.

**I. Македонски Телеком АД Скопје**

| | |
|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Македонски Телеком АД Скопје** |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **0,97%** Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,64%** Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 06.09.2022 година |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието;<br>2. Избор на Претседавач;<br>3. Избор на бројачи на гласови; и<br>4. Избор на Записничар;<br><br>**Работен дел:**<br><br>1. Предлог Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Друштвото за 2022 година;<br>2. Предлог Одлука за дополнителни бенефиции и надомест на |

| | |
|---|---|
| | финансиски трошоци на членовите на Одборот на директори на Друштвото. |
| *Претставник на Собранието* | Игор Радовски |

**II. Македонски Телеком АД Скопје**

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје се одржа на 06.09.2022 година со почеток во 11:00 часот во седиштето на Друштвото на Кеј 13-ти Ноември бр. 6, Скопје, конференциска сала Атриум 2, 10. кат. Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел:**

1. Отворање на Собранието,
2. Избор на Претседавач,
3. Избор на бројачи на гласови и
4. Избор на Записничар.

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Предлог Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Друштвото за 2022 година

**Претставникот гласаше ЗА**

2. Предлог Одлука за дополнителни бенефиции и надомест на финансиски трошоци на членовите на Одборот на директори на Друштвото.

**Претставникот гласаше ЗА**

## 1.2. Кратка содржина на одлуките од Собранието на акционери на Македонски Телеком АД Скопје

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје, се пристапи кон избор на Работни тела. На собранието беа присутни акционери кои поседуваа 96,42% од акциите со право на глас.

По гласањето за Процедуралниот дел, се пристапи кон утврдување и гласање по точката од Работниот дел.

На акционерското собрание едногласно беше усвоена точката од дневниот ред, односно сите присутни акционери гласаа „ЗА“ предлог Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Друштвото за 2022 година. Како овластен ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2022 година се избра Дилоит ДОО Скопје.

Во однос на втората точка од дневниот ред, од мнозинскиот акционер на Македонски Телеком АД Скопје- Каменимост Комуникации АД Скопје, беше предложено усвојување на нова Одлука за бенефициите, привилегиите и другите финансиски трошоци на членовите на Одборот на директори на МКТ. Беше образложено дека причината за усвојување на нова одлука е во насока на усогласување на Македонски Телеком со процедурите на Групацијата Дојче Телеком, односно целосната забрана за користење на службените банкарски картички којашто е воведена на ниво на Групацијата Дојче Телеком во изминатиот период, поради ризикот во однос на усогласеноста поврзан со непостоењето на принципот на „четири очи“ при користењето на овие картички и правењето трошоци на сметка на Друштвото од страна на повластените корисници на овие картички. Годишниот буџет останува како право на членовите на Одборот на директори, но ќе биде воведен нов механизам за негово користење којшто ќе се базира на рефундирање на трошоците направени од страна на членовите на ОД врз основа на доставени сметкопотврди како доказ за трошокот, во согласност со интерните процедури на МКТ.

Предложената одлука сметаме дека е во правилна насока на подобрување на корпоративното управување од страна на компанијата, односно е во насока на потранспарентно користење на средствата на компанијата, поради тоа гласајќи “ЗА” го поддржуваме донесувањето на оваа одлука.

По усвојување на точките од Дневниот ред, Претседателот на Собранието го прогласи акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје за затворено.